European Commission

EUROPEAN

# POLICYBRIEF

## РЕЗИМЕ НА ЕВРОПСКАТА ПОЛИТИКА

WBC-RRI.NET
Responsible Research and Innovation in the Western Balkans

## ЗАЕДНИЧКО КРЕИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА ОДГОВОРНО ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ: ИСКУСТВА ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Во рамки на првата половина од проектот WBC-RRI.NET се реализираа активности на заедничкото креирање кои на конзорциумот му обезбедија нови искуства, пристапи и поуки кои водат до препораки за четиристраниот хеликс во регионот кои се однесуваат на засегнатите страни во владата, истражувачката и академската заедница, приватниот сектор и граѓанското општество.

**31. август 2022.**

## ВОВЕД

Пристапот за одговорно истражување и иновации (ОИИ) (Responsible Research and Innovation – RRI) има за цел да ги охрабри општествените актери да работат заедно во текот на целиот процес на истражување и иновации (Research and Innovation – R&I), за подобро усогласување на истражувањето и иновациите и нивните резултати со вредностите, потребите и очекувањата на општеството. Искуството собрано во неколку проекти посветени на ОИИ покажува дека стратегиите и практиките базирани на ОИИ[1] можат да ги направат истражувањето и иновациите достапни до сите релевантни актери и да ја подобрат соработката помеѓу науката и општеството, поттикнувајќи регрутирање на нови таленти и

[1] Како што се TeRRItoria, SeeRRI or DigiTeRRI, итн. За подетални информации, погледнете ја CORDIS датабазата на ЕУ проекти и резултати тука.

спојување на научната извонредност со социјалната свест и одговорноста.

Териториите имаат специфична предност за справување со сложеноста на предизвиците кои се произлегуваат од интеракцијата помеѓу науката и општеството. Локалните актери имаат блиско познавање на физичката територијална поставеност и локалниот екосистем, т.е. моменталните состојби на сложените односи помеѓу културните, социјалните, економските и политичките актери, локалната динамика, историјата, очекувањата и потребите како и специфичните интереси. Териториите можат да работат кон воспоставување на самоодрживи системи за истражување и иновации кои се карактеризираат со висок степен на отвореност, демократска одговорност и одговор на потребите преку преземање на активности за промовирање на столбовите на ОИИ (т.е. родова еднаквост, научно образование, отворен пристап/отворени податоци, граѓанска инволвираност и етика) заедно со примената на неговите четири димензии (предвидување, рефлексивност, инклузија и можности за брз одговор).

Пристапот на ОИИ бара зближување на релевантните актери во партнерства, како на пример, граѓаните и граѓанските организации, универзитетите, истражувачките институции, институциите од формалното и неформалното образование (вклучувајќи ги основните и средните училишта), владата и органите на јавните власти (вклучувајќи ги регионалните и локалните администрации и институциите за научна политика), бизнисите (вклучувајќи ги индустријата, услужниот сектор и социјалните претприемачи) и научните посредници. Примената на нови работни методи за истражување и развој во и помеѓу организациите, вклучувајќи нови и транспаретни односи на управување, ќе промовира поголема одржливост и инклузивност на локално, национално, европско и глобално ниво.

Конзорциумот на WBC-RRI.NET има за цел да развие и имплементира поотворен, транспарентен и демократски систем за истражување и развој во петте територии на Западен Балкан (ЗБ) кои учествуваат во проектот[2]. Конзорциумот веќе започна и ќе продолжи да спроведува низа на регионални активности водени од принципите на ОИИ, со што ќе се обезбеди докази за општествените, демократските, еколошките, економските и научните влијанија. Проектот исто така има за цел да обезбеди одржливи ефекти на трансформација и отвореност во организациите коишто учествуваат, кои ќе траат и по завршетокот на проектот, на пример преку воведување на нови форми на одлучување, развој на бизнис планови или договори за соработка, како и институционални промени во организациите, нивните територии и пошироко.

## ДОКАЗИ И АНАЛИЗА

### Поуки

WBC-RRI.NET веќе направи низа на активности за мапирање и процедури за заедничко креирање на регионално ниво, спроведени во текот на првата половина од проектот. Партиципативното и систематско мапирање овозможи вклучување на клучните регионални актери, додека регионалното заедничко креирање се осврна на ко-дизајн на регионални

[2] Петте територии на ЗБ кои учествуваат во проектот се следните: 1) мочуришен екосистем на лагуната Куне-Ван-Тале (Албанија); Република Српска (Босна и Херцеговина); 3) Црна Гора; 4) Скопје (Северна Македонија); Покраина Војводина (Србија).

„клучни" иницијативи[3] за ОИИ преку низа на регионални партиципативни и инклузивни работилници (минимум две по територија на ЗБ). Досегашните проектни активности, особено регионалните процедурите за заедничко креирање ги доведоа партнерите на WBC-RRI.NET до некои нови сознанија и поуки, коишто во продолжение се детално опишани.

Првиот чекор, односно партиципативното и системско мапирање[4] овозможи во процесот да се вклучат клучните регионални актери. Успешната активност на мапирање во комбинација со воспоставувањето на соодветна мрежа може дополнително да обезбеди учество на сите засегнати страни. Истакнувањето на најдобрите регионални случаи поврзани со ОИИ и нивното котистење исто така може да привлече нови клучни актери кои се дел од четиристраниот хеликс (Quadruple Helix), (составен од претставници од академијата, индустријата/бизнисот, политичката сфера и општеството). Конечно, нагласувањето на нови и различни перспективи за време на процедурите на заедничко креирање и нивно изнесување во дебатата, па дури и нивно понатамошно ширење, може да отвори нови патишта за експлоатација на резултатите од заедничкото креирање.

За време на реализација на WBC-RRI.NET активностите за заедничко креирање, дополнително беше забележано дека работилниците, и во физички и во онлајн формат, можат да имаат корисни ефекти во однос на вклученоста и ангажираноста на учесниците. Физичките состаноци овозможуват повеќе можности претставниците од четиристраниот хеликс лично да се сретнат, нивната меѓусебна размена на ставови и повратни информации е подиректна, а севкупните услови придонесуваат за развој на плодни, реципрочни разговори. Од друга страна, спроведувањето на онлајн работилници може потенцијално да „собере" поголем број на учесници и да овозможи поголема разновидност и географска вклученост[5]. Ваквите сознанија ги потврдуваат аргументите на неколку проекти имплементирани во ерата на и пост Ковид-19 и додаваат докази дека појавата на Ковид-19 и последователната дигитализација предизвикаа и позитивни и негативни ефекти во однос на имплементација на проектот. Како што е забележано од партнерите на WBC-RRI.NET, од сега па натаму вниманието треба да се насочи кон откривање на овие контекстуални, причински механизми кои предизвикуваат или корисни или негативни ефекти. Конечно, без разлика дали станува збор за состаноци во физички или онлајн формат, презентираните теми треба да бидат атрактивни и релевантни за засегнатите страни, давајќи им дополнителна вредност за нивното учество во процесот.

Партнерите на WBC-RRI.NET забележаа дека академските учесници и истражувачи треба да бидат охрабрени да дадат значаен придонес. Со оглед на нивното искуство во областа на научното истражување и нивното знаење за отворените прашања за дискусија, тие можат да споделат значајни сознанија и информации со останатите претставници од четиристраниот хеликс. Присуството на различни претставници од четиристраниот хеликс на еден состанок или настан може некогаш да претставува и предизвик, доколку е потребно сите да се вклучат и да се постигне ефикасна интеракција, со оглед на нивните различни интереси. Сепак, ваквите состаноци имаат поголем потенцијал за поттикнување на идната

[3] „Клучните" иницијативи на RRI се специфични интервенции кои допираат до детални специфични решенија за RRI, територијални карактеристики и научни домени во секоја територија на ЗБ што учествува во проектот.

[4] Повеќе детали за методологијата за мапирање на WBC-RRI.NET и резултатите од мапирањето може да се најдат во извештаите на WBC-RRI.NET D1.1, D1.2 и D1.3.

[5] За повеќе информации видете: Wu, J., Rajesh, A., Huang, Y.N., Chhugani et al (2022). Виртуелните состаноци ветуваат отстранување на географските и административните бариери и зголемување на пристапноста, различноста и инклузивноста. Nature Biotechnology, 40(1), pp. 133-137.

соработка помеѓу различните интересни групи и сектори.

Освен за претставниците од академскиот сектор, беа стекнати конкретни сознанија и за вклученоста на граѓанските организации во процесот. Овие сознанија можат да помогнат во надминувањето на некои потешкотии во комуникацијата за време на состаноците за заедничко креирање, бидејќи нивната улога и активности придонесуваат за премостување на јазот во комуникацијата и разбирањето помеѓу останатите претставници на четиристраниот хеликс и регионалните/локалните заедници. Слични забелешки беа изнесени и за вклученоста на претставници од индустријата и бизнисот, при што се заклучи дека се потребни постепени чекори за зајакнување на соработката со овие структури, придружени со соодветен канал за комуникација за надминување на секоја дилема.

Конечно, кога владините претставници присуствуваат на вакви работилници, нивното присуство може да има двоен ефект: а) обезбедува поддршка и унапредување на активностите за заедничко креирање на национално ниво, но б) ги обесхрабрува и „плаши" локалните заедници, повремено попречувајќи го нивното активно вклучување. Кога ова „заплашување" дополнително ќе се комбинира со честата неподготвеност на граѓаните да учествуваат во регионалните иновативни активности, тоа може да доведе до идентификување на граѓаните како „послабата алка во синџирот", па поради тоа потребен е поинаков и контекстуален пристап во однос на нивната вклученост и мотивација. Севкупно, се смета дека е од клучна важност да се создадат околности кои ќе им дадат простор, време и соодветен контекст на сите актери од четиристраниот хеликс да ги споделат своите мислења, идеи и искуства.

Партнерите на WBC-RRI.NET, исто така, користеа некои „стратегии" кои помагаат во понатамошната вклученост на нивните целни групи. На пример, активностите спроведени пред главните состаноци за заедничко креирање се покажаа како корисни и го олесниja активното учество и вклученост на актерите: подигање на свеста преку обезбедување информации до учесниците за проектот и претстојните активности за ко-дизајнирање; организирање на прелиминарни „фокус групи" и информативни состаноци, особено со регионалните актери и клучните „играчи" во регионот. Партнерите на WBC-RRI.NET известија дека ваквите акции дополнително им овозможиле на вклучените актери чувство дека имаат посуштинска улога во регионалните активности, па затоа претставуваат „отскочна дакса " кон градење на однос кој се темели на доверба. Истовремено, ова чувство на доверба може дополнително да го ублажи ризикот некои учесници да се чувствуваат маргинализирани во процесот на донесување одлуки.

Продолжувајќи кон реализацијата на главните состаноци за заедничко креирање, специфичните (онлајн) алакти – на пример, регионалните идни сценарија[6], се покажаа како особено ефикасни во интерактивната вклученост на претставниците на четиристраниот хеликс во процесот на ко-дизајнирање. Обезбедување на дополнителна комуникација, и со учесниците и со актерите кои не можеа да присуствуваат на работилниците, преку информирање за следните чекори на сличен начин се покажа како ефикасен пристап за одржување на интересот и вклученоста на актерите во целиот процес на заедничко креирање.

[6] Териториите на ЗБ кои учествуваат во проектот развија збир на идни сценарија, достапни во посебен проектен документ (D3.1)

Генерално, сеопфатниот увид што го стекнаа партнерите се однесува на овозможување на простор за флексибилност и приспособливост кон оригиналниот план. Присуството и вклученоста на учесниците не може да се предвиди, особено во однос на активностите и состаноците за заедничко креирање. На пример, некои партнери од ЗБ имплементираа дополнителни работилници за ко-дизајн на двете првично планирани работилници. Истата флексибилност (или дури постоење на „план Б“) е потребна кога временскиот распоред за проектираните активности е на некој начин „тесен“ (на пр. поради однапред дефинираниот временски период на финансирани проекти).

**Предизвици со кои се соочувавме**

Во контекст на заедничкото креирање на регионални иновациски процеси, од најголема важност е да се посочат предизвиците кои го попречуваат процесот на ко-дизајнирање. Главниот предизвик со кој се соочивме во процесот на ко-дизајн се однесува на вклученоста на актерите од четиристраниот хеликс во дизајнирањето на „клучните“ иницијативи за ОИИ. Премостувањето на јазот во знаењето помеѓу различните актори беше предизвик, особено јазот кој постои меѓу различните интереси на граѓаните, претставниците на локалните бизниси, академската заедница и националните претставници. Друг предизвик се однесува на политичката нестабилност со која потенцијално се соочува еден регион, која може да го попречи развојот на имплементацијата на регионалните иновациски политики, како и релевантните процеси за заедничко креирање и последнователната вклученост на некои од актерите.

Со посебен осврт на поттикнувањето на граѓанската наука, главниот предизвик кој беше искусен е вакуумот во знаење и недостатокот на разбирање на научните објаснувања или техничките аспекти од научните истражувања од страна на некои од актерите на четиристраниот хеликс. Овој предизвик го успори нивниот активен ангажман во работилниците за ко-дизајн, што доведе до добиени ограничени повратни информации во однос на оние кои што беа посакувани. Ова исто така доведе и до дополнителни напори за време на состаноците кои им претходеа на работилниците за детално да се откријат и прилагодат неопходните научни концепти кои треба да се спроведат за време на ко-дизајнот. Секако, повремено се појавуваа и прашања околу доверба. Додека некои од темите на работилниците беа тесно поврзани со некои специфични актери на четиристраниот хеликс, некои други актери беа скептични околу темите и/или процесите. Што се однесува до изворите на скептицизмот на актерите, некои партнери ја споменаа благата конфузија на регионалните актери во однос на концептот на ОИИ (означен како таков), недостатокот на доверба кон регионалните власти, како и претпоставките дека активностите за јавниот ангажман се користат само како средство за легитимирање на експертските елити.

Продолжувајќи кон контекстуалните (проектни) фактори на работилниците за заедничко креирање, онлајн форматот на некои од работилниците може да биде олеснувачки фактор за привлекување на поголем број на учесници, но исто така може да предизвика неколку предизвици за активно вклучување на учесниците. Како што напонаменаа партнерите на WBC-RRI.NET „...поради онлајн форматот на работилницата некои од учесниците не беа многу вклучени“, нешто што беше потврдено и преку исклучувањето на камерите од страна на учесниците за време на состаноците.

Конечно, како што напомена конзорциумот на WBC-RRI.NET, строгата временска рамка за реализација на планираните активности може да обесхрабри некои актери да останат посветени на процесот. Стратегијата за ублажување која беше предложена од партнерите на WBC-RRI.NET се однесува на постојано внимателно разгледување на даденото временско ограничување на европските проекти, истоврмено обидувајќи се да се дојде до најдобрите можни резултати, работејќи блиску со актерите на четиристраниот хеликс и држејќи ги искрено заинтересирани и вклучени во процесот на заедничко креирање. На овој начин постепено се прават чекори за одржување на резултатите од регионалните активности, а постепено се гради и посакуваната визија за секој регион.

## ИМПЛИКАЦИИ И ПРЕПОРАКИ НА ПОЛИТИКАТА

**Релевантноста на сите актери**

- Економиите на ЗБ се уште немаат јаки иновациски системи, а односите (на пример помеѓу академската заедница и индустријата) бараат понатамошно подобрување, водено од соработка, меѓусебно учење и јасни ситуации со добивка и за двете страни. Најбитно е да се користат достапните можности за градба на доверба и зајакнување на односите, како и за поттикнување на вмрежувањето помеѓу различните сектори. Активностите во проекти за заедничко креирање градат вештини за продуктивна интеракција и самоорганизација.
- Активностите за заедничко креирање, со соодветни техники за вклучување, можат да се искористат за создавање мрежи на засегнати страни кои се подготвени да ги променат (однапред) одредените мислења и да развијат меѓусебно разбирање. Ова е особено битно на регионално ниво кај земјите на ЗБ. Тука треба да се земат во предвид посакуваната „широчина“ и „длабочина“ на новите мрежи, притоа одржувајќи ги сите фази на вклученост отворени и транспарентни.
- Клучните елементи се 'отворени простори' за дискусија помеѓу засегнатите страни од четиристраниот хеликс кои даваат време и простор за размислување и размена, како што се заедниците за практики и целните работни групи. Ресурсите како што се времето, парите и човечките ресурси треба да бидат соодветно распределени. Релевантите процедури и исходи треба да бидат отворено соопштени на сите засегнати страни.
- Актерите од четиристраниот хеликс треба заеднички да ги поддржат посветените професионалци за истражување и иновации, на пр. фасилитаторите/олеснувачите на активностите за ко-дизајн и научните посредници градат гранични организации и одржуваат институции и структури кои се уште се недоволно развиени во регионот.
- Моментално, свеста и разбирањето за процесите за заедничко креирање се уште треба да се подобрат во сите сектори кои се решаваат преку ООИ. WBC-RRI.NET откри дека се уште постои недостаток на свест за имплементација на иницијативи за граѓанска наука, чување и споделување на отворени податоци, развој на отворени образовни ресурси, управување со етички прашања итн.

**Државни институции**

- Иако понекогаш е полесно да се фокусираат дискусиите поврзаи со ОИИ на национално ниво, локалните и регионалните влади играат битна улога во вградувањето на принципите на одредена територија и обезбедување на одржливост на активностите

поврзани со ООИ. Тие треба да бидат вклучени во вмрежувањето за ОИИ и треба да се инспирирани да развијат вистински интереси и целосно да бидат вклучени. Исто така, меѓувладините организации, како што е Советот за регионална соработка, се клучни за олеснување на регионалниот пристап и идентификување на соодветните приоритети (на пр. преку поддршка на работни групи поврзани со жените во науката, технологијата, инженерството и математиката (STEM) или отворената наука).
- Владините актери треба да бидат подобро подготвени да се вклучат во процесите и да размислуваат надвор од рамката, да ги намалат административните и бирократските процедури и да го охрабрат спроведувањето на принципите за ОИИ, на пр. да ја промовираат родовата еднаквост, различноста и инклузивноста и да учествуваат во активностите за заемно учење. Законодавните и регулативните рамки треба соодветно да ги поттикнуваат принципите за ОИИ, на пр. пристап и повторна употреба на податоци и научни резултати, адресирање на родово засновано насилство итн.
- Различните механизми за финансирање и поддршка треба внимателно да ги вклучат аспектите за ОИИ, како што се етика, отворени стандарди или родова еднаквост, во процесите на евалуација, селекција и мониторинг. Иницијативите кои ги доближуваат истражувањето и иновациите поблиску до граѓаните треба финансиски да се поддржат. Неакадемските актери треба да бидат систематски вклучени во телата за донесување на одлуки во екосистемот за истражување и иновации.

**Истражувачки и академски институции**

- ОИИ бара посветено вклучување на универзитетите, истражувачките центри, академиите на науки, мрежи на научници, како и независни истражувачи со цел да се поттикне промена на институционално и индивидуално ниво.
- Институционалната култура на истражувачките организации треба да се надоврзува на принципите за ОИИ, на пр. зајакнување на академскиот интегритет, етиката, инлузивноста, редовното учество на научни фестивали итн. и да го поттикнува вмрежувањето со сите засегнати страни од четиристраниот хеликс. Административниот персонал треба да биде достапен, да нуди практична помош, на пр. за јавен ангажман, достапност, создавање на отворени ресурси, вклучување на маргинализирани чинители и генарално поддршка за исполнување на отворен пристап или етички барања и сл.
- Истражувачките и академските институции треба да обезбедат пристап до нивните инфраструктури, обезбедувајќи јасни насоки за тоа како да се дојде до поголема вклученост. За развојот на отворена наука и инфраструктурите со отворен пристап исто така е потребна јасна поделба на улогите во однос на нивното одржување и треба да се надоврзе на можностите кои ги нудат различните иницијативи на ЕУ, како што се: Европски конзорциум за истражувачка инфраструктура (European Research Infrastructure Consortia - ERIC), Европски стратешки форум за истражувачки инфраструктури (European Strategy Forum for Research Infrastructure - ESFRI), Европски облак за отворена наука (European Open Science Cloud - EOSC) итн.
- Механизмите, обуките и размената на знаења за професионален развој на академскиот кадар во врска со ОИИ се особено битни, па затоа прашањата за ОИИ и пристапите за заедничко креирање треба да бидат вклучени во наставните програми, како и во шемите за континуирана едукација на вработените.

**Приватен сектор**

- Во процесите на ОИИ треба да биде вклучен целиот спектар на засегнати страни од

приватниот сектор. Релевантните индустрии и приватни компании од сите големини, т.е. големите мултинационални организации како и малите и средни претпријатија (МСП) и стартапите, треба да им се овозможи вклучување во процесите. Менаџерите и вработените треба да учествуваат во одбори, работни групи или тркалезни маси како дел од културата за споделување и особено за вмрежување со несекојдневни партнери за соработка.

- Општествените димензии на технолошкиот развој и иновации треба систематски да се разгледуваат во конструктивен и социо-општествен контекст ориентиран кон човекот во однос на истражувањето и иновациите. Дебатите околу грижите на граѓаните треба посебно да бидат земени во предвид.
- За неколку клучни теми ОИИ има потреба од посебно внимание од приватниот сектор, на пр., да се обезбеди родова еднаквост на лидерските позиции, поддршка на жените во деловното истражување и развој и промовирање на мрежите за жени претприемачи. Етичките процедури и практики исто така треба да се зајакнат во деловното истражување и иновациите.

**Граѓанско општество**

- Граѓанските организации како што се групи на заедницата, работничките синдикати, приватните добротворни организации, фондациите, националните и транснационалните невладини и непрофитни организации треба да се стремат да останат информирани преку научна експертиза, а исто така да користат научни докази за застапување на нивните цели. Резултатите од активностите за истражување и иновации треба да бидат достапни и за индивидуланите граѓани и актерите од граѓанското општество кои имаат капацитет да го усвојат и искористат ова знаење.
- Граѓанските организации се важни актери во смисла на мобилизирање на различни заедници и обезбедување на учества на јавни панели и дебати. Дополнително, систематската комуникација со нив и воспоставување на односи од доверба се релевантни за да се избегнат погрешни информации и дезинформации и да се проверат фактите.
- Граѓанските организации треба да размислат да ги направат своите податоци достапни за користење од страна на научниците. Нивните публикации треба да бидат доспани во отворени бази на податоци - репозитории и треба да се размислува и за нивно објавување во списанија, со коавторство на научни трудови.

## ОДРЖЛИВОСТ И НАСЛЕДСТВО

Резултатите од проектот WBC-RRI.NET се јавно достапни за користење од страна на засегнатите страни. Учеството во работните групи (РГ) и клучните активности е отворено за засегнатите страни од регионот, но и пошироко. Трите работни групи формирани во рамките на проектот (РГ1: Родова политика и Етика; РГ2: Научно образование и Јавен ангажман; РГ3: Отворена наука и Отворен пристап) овозможуваат вклучување на повеќе заинтересирани страни и актери. Секоја од овие работни групи иницира збир на систематски ОИИ поврзани активности кои се градат на долгорочни цели, правци на делување и соодветни акциони планови, со што се обезбедува ширење на активностите за ОИИ во регионот и понатамошна одржливост. Активностите планирани од работните групи вклучуваат, на пример, снимање подкасти, организирање вебинари и тркалезни маси во кои

се вклучени сите актери од четиристраниот хеликс итн. Фокусот е на создавање одржливи влијанија на регионално ниво на ЗБ.

Преку низа на активности кои се во тек во рамки на проектот, широк спектар на засегнати страни доаѓаат во контакт со концептот на ОИИ и неговата имплементација. Институционалните промени во инволвираните организации и долгорочните ефекти од клучните активности ќе бидат анализирани и по завршетокот на проектот. Дополнително, веб-страната на проектот (https://wbc-rri.net) и профилите на социјалните медиуми на проектот редовно и континуирано се ажурираат и ќе бидат активни најмалку три години по завршувањето на проектот. Понатаму, конзорциумот и членовите на работните групи ги истражуваат можностите за последнователни проекти и иицијативи за да се обезбеди одржливост и континуитет на активностите и резултатите од WBC-RRI.NET проектот.

## ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПРОЕКТОТ

Иако перформансите за истражување и иновации кај земјите од ЗБ се подобрени, потребно е дополнително да се зајакнат напорите за да се премости преостанатиот „јаз“ во однос на останатите европски региони. Принципите на ОИИ можат да дејствуваат како овозможувачи за одржлив развој на локалните системи за истражување и иновации, зголемувајќи ја ефективноста на стратегиите за истражување и развој кои придонесуваат за унапредување, и социо-економски напредок на транспарентен, отворен и инклузивен начин преку активно учество на сите актери од четиристраниот хеликс.
WBC-RRI.NET има за цел да ја поттикне примената на принципите на територијално ниво во пет (5) екосистеми на ЗБ – четири на ниво на регион и еден на ниво на земја – и промовирање на рамка за управување со истражување и иновации на повеќе нивоа. Принципите за ОИИ делуваат како овозможувачи за заедничко учење и ширење на иновациите за управување со истражување и иновации на територијално ниво, подобрувајќи го планирањето на истражувањето и иновациите, вклучувајќи ги и стратегиите за паметна специјализација (S3) во регионот.

Специфичните цели на WBC-RRI.NET проектот се:

- Да се зајакне капацитетот на локалните/регионалните екосистеми за истражување и иновации за справување со современите општествени предизвици и приоритетите за територијално истражување,
- Да им се помогне на локалните организации за истражување и иновации да ги усвојат принципите за ОИИ за ефикасно справување со предизвиците со кои научниците и истражувачите се соочуваат денес,
- Да се придонесе во унапредувањето на стратегиите за паметна специјализација на ЗБ, преку промовирање на поотворен и инклузивен пристап за развој на политиките за истражување и иновации,
- Да се примени пристапот „паметна насоченост“ за напредното планирање на иновациите да биде „прилагодено“ на општествените/регионалните предизвици,
- Да се промовира повеќеслојна рамка за управување со истражување и иновации во земјите на ЗБ преку унапредување на консултациите и планирањето на иновациските политики на локално и регионално ниво.

Пристапот на проектот кој се развива преку аналитичка, рефлективна и имплементациска

нишка, оперативно се однесува на пет територии од ЗБ и последнователно влијае на поширокиот регион на ЗБ преку активирање на вградувањето на ОИИ во нивните екосистеми за истражување и развој. Ова се реализира преку активностите за истражување и иновации во текот на целиот проект, подигајќи активен дијалог во поширокиот регион на ЗБ и поттикнувајќи го разбирањето на сите столбови на ОИИ под холистичка рамка заснована на пристапот „паметна насоченост“, нудејќи вклученост на сите инволвирани актери со фокус на граѓаните. Покрај тоа, петте „клучни“иницијативи за ОИИ (вертикален аспект), како интервенции кои детално допираат до одредени клучни поими за ОИИ, територијални карактеристики и научни домени, дозволуваат принципите на ОИИ да бидат вкоренети во територијалните системи што доведува до конкретно влијание врз територијалните политики за истражување и иновации и општествените регионални потреби. Проектните партнери ги претставуваат и сите делови од четиристраниот хеликс. Конечно, активностите за евалуација на влијанието и дисеминација се фокусираат на долгорочната одржливост на проектот.
Оваа иницијатива го подобрува планирањето за истражување и иновации, вклучувајќи ги и стратегиите за паметна специјализација во ЗБ, и поттикнува силен социо-економски развој преку информирање за политиката за истражување и иновации и овозможувајѓи му на регионот подобро да одговори на своите потреби. На крајот на проектот, се очекува проектот да поттикне отворен дијалог, ќе создаде регионална мрежа и ќе му помогне на ЗБ да придонесе кон целта за единствено европско истражувачко подрачје без граници.

## ИДЕНТИТЕТ НА ПРОЕКТОТ

| | |
|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ** | Вградување на ОИИ во земјите на Западен Балкан: Подобрување на самоодржливите екосистеми за истражување и иновации (WBC-RRI.NET) |
| **КООРДИНАТОР** | Проф. д-р Горан Стојановиќ, Технички факултет, Универзитет во Нови Сад, Србоја, sgoran@uns.ac.rs |
| **КОНЗОРЦИУМ** | - Asocijacija „Znanje, obrazovanje i nauka – ZONA“ – Podgorica, Crna Gora<br>- Co-PLAN, Institute for Habitat Development – Tirana, Albanija<br>- Македонска академија на науките и уметностите – Скопје, Северна Македонија<br>- Ministarstvo turizma i životne sredine – Tirana, Albanija<br>- НЦРИПУ – Скопје, Северна Македонија RTD ZDRAVSTVENI KLASTER – Banja Luka, Bosna i Hercegovina<br>- Naučno tehnološki park Crne Gore – Podgorica, Crna Gora<br>- Univerzitet u Banjoj Luci – Banja Luka, Bosna i Hercegovina<br>- Univerzitet u Novom Sadu – Novi Sad, Srbija<br>- ICT klaster Vojvodina – Novi Sad, Srbija<br>- Zentrum für Soziale Innovation – Vienna, Austriaa<br>- SEERC, Thessalonik, Greece<br>- European Science Foundation, Strasbourg, France |
| **ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ** | Horizon 2020: SwafS-14-2018-2019-2020: Supporting the development of territorial Responsible Research and Innovation |
| **ТРАЕЊЕ** | Март 2021 – Февруари 2024 (36 месеци) |
| **БУЏЕТ** | EU doprinos: 1 999 995 EUR |
| **ВЕБ-СТРАНА** | https://wbc-rri.net |
| **ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ** | Координатор: Goran Stojanovic (sgoran@uns.ac.rs)<br>Главни автори: Maria Michali (mmichali@seerc.org) и Elke Dall (dall@zsi.at) |
| **ЛИТЕРАТУРА** | Повик за учество во WBC-RRI.NET работни групи: https://wbc-rri.net/establishing- wbc-rri-net-working-groups-you-are-invited-to-join/<br>Повик за споделување на добри практики за ОИИ: https://wbc-rri.net/call-for-submission-of- good-practices-in-rri/ |